# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

07 февруари 2019 | Излегува по потреба | Година XIV | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

1. **СЕ ЗАПИРА** од објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.09-404/2 од 30.01.2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Објавувањето на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.09-404/2 од 30.01.2019 година во "Службен гласник на Општина Гази Баба", се запира поради следните причини:

Не постои правен основ за исплата на еднократна парична помош на лице кое не è вработено во општината, согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.09-5635/56 од 24.12.2018 година.

Укажувањата од Градоначалникот на Општина Гази Баба и пред утврдување на дневниот ред за работата на седницата на Советот на Општина Гази Баба и во текот на расправата по единствената точка предмет на расправа, беа јасни, прецизни и едноставни и беа во насока на тоа дека искрена е желбата да се излезе во пресрет на барателот и да се помогне, преку најразлични алтернативни форми, со личен пример или преку субјекти-правни лица партнери на општината, но тоа во ниту еден случај несмее, неможе и нема да биде со непочитување на прописите на општината, што би довеле до воспоставување на нови пракси со несогледливи последици по општината и доведување на останатите граѓани, а најмногу ранливите категории на граѓани во општината, во нерамноправна положба.

**Број 08-579/1**
**од 06.02.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**РЕШЕНИЕ** за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош . . . . . 3

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 2/19**
**20 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци